Australian Government

myagedcare



# Кои се чекорите за да се влезе во старечки дом

Со исклучок на грбот на Комонвелтот и на назначените места, сите материјали содржани во овој документ се објавени под лиценца Creative Commons Attribution 3.0 Australia (http://creativecommons.org/licences/by/3.0/au) licence.

Подробностите за условите од соодветната лиценца може да ги најдете на местото на интернет на Creative Commons (до кое може да се пристапи преку дадените врски), како и сите закони што се однесуваат на лиценцата CC BY 3.0 AU (http://creativecommons.org/licences/by/3.0/au/legalcode).

Документот мора да биде наведуван како Оддел за здравство, *Кои се чекорите за да се влезе во старечки дом*.

## Како да стапите во контакт со нас

Информации во врска со лиценцата и со какво и да било користење на овој документ слободно побарајте од:

Communication Branch
Department of Health

Електронска пошта: copyright@health.gov.au

Овој производ може да го најдете на www.myagedcare.gov.au

Информациите се важечки во и од јуни 2018 г.

Референтен број на објавениот материјал: 12203

**Лицата од абориџинско потекло и со потекло од островите во Торесовиот Теснец ги предупредуваме дека оваа книшка може да содржи слики на починати луѓе.**

# Дали оваа книшка е за вас?

Оваа книшка објаснува како постарите луѓе може да добијат пристап за нега во старечки дом, каква е постапката за вселување во старечки дом и што треба да очекуваат кога ќе се вселат таму.

Оваа книшка треба да ја прочитате ако член на Тимот за оценување на потребите од нега за постари лица (Aged Care Assessment Team - ACAT) оценил дека вие (или некое лице што го негувате) треба да добивате нега во старечки дом.

Во сите други случаи, јавете се во My Aged Care на **1800 200 422** или појдете на www.myagedcare.gov.au за да добиете информации за постапката за оценување и за условите што треба да се исполнат за добивање на разните видови на нега за постари лица што ги финансира државата:

**Краткорочна и приспособлива нега**

Услуги за краткорочна нега во домот на лицето или во старечки дом во ситуации кога е потребна нега при оспособување (враќање на самостојноста), преод од болничка нега или закрепнување од несреќен случај или болест.

**Основно ниво на поддршка во домот на лицето**

Тековни или краткорочни услуги за нега и за поддршка преку Сојузната програма за поддршка во домот, вклучувајќи помош околу домашните работи, личната нега, оброците и подготвувањето на храна, превозот, пазарувањето, придружното здравство, општествената поддршка и планираната одмена од негата (за да му се овозможи на вашиот негувател да се одмори).

**Посложено ниво на поддршка во домот на лицето**

Преку Програмата за пакети за нега во домот (Home Care Packages Program) може да се добијат четири степени на пакети со услуги со кои раководи клиентот и кои вклучуваат лична нега, услуги за поддршка и медицинска нега, услуги од придружното здравство и клинички услуги.

ОВАА КНИШКА

**Нега во старечки дом**

Лична и медицинска нега во старечки домови за постари луѓе што не се во состојба самостојно да живеат во својот дом. Тука исто спаѓа и одмената од негата во старечки дом за куси престојувања во старечки дом.



# Содржина

Нега во старечки дом ........ 4

Јавете се во My Aged Care за да бидете оценети ........ 6

Одмена од негата во старечки дом (краток престој во старечки дом) ........ 9

Како да стигнете до нега во старечки дом ........ 10

1. Пресметајте ги трошоците ........ 12

2. Како да најдете старечки дом ........ 18

3. Поднесете барање до старечки дом и прифатете ја понудата ........ 20

4. Склучете договори со вашиот старечки дом ........ 22

5. Раководете со вашата нега и услуги ........ 24

Натамошна помош ........ 28

Список за проверка – Пресметајте ги трошоците и најдете старечки дом ........ 30

Список за проверка – Склучување на договори ........ 31

Список за проверка – Подгответе се за селење ........ 32

# Нега во старечки дом

Старечките домови (понекогаш наречени домови за нега или установи за згрижување на постари лица) се наменети за постарите луѓе што веќе не можат да живеат во својот дом и на кои им е потребна тековна помош околу секојдневните обврски или пак здравствена нега.

Целта на живеењето или на престојот во старечки дом е да се осигури дека ја добивате негата што ви е потребна. Старечките домови може да ви помогнат со следните работи:

- секојдневните обврски (на пример, чистење, готвење, перење алишта)
- личната нега (на пример, капење, облекување, чешлање, одење по нужда)
- медицинска нега (на пример, нега на рани и давање на лекови) под надзор на регистрирана медицинска сестра
- други услуги за нега.

Згрижување во старечки дом може да се добие врз трајна или врз краткорочна основа. Краткорочната нега во старечки дом се нарекува одмена од негата во старечки дом (видете на страница 9).

Старечките домови ги поседуваат и со нивната работа управуваат лица или организации што имаат одобрение од австралиската влада да се грижат за вас. Тие мора да задоволуваат одредени стандарди за да бидат акредитирани.

Можностите за домување со приватно финансирање, како што се пензионерските села или самостојните станбени единици им нудат низа разновидни услуги на самостојните постари луѓе. Тие работат според прописите одредени од државата или од територијата и не им треба одобрение за работа од австралиската влада.

На тие приватно финансирани служби исто така може да им биде одобрено во своите објекти да пружаат услуги за нега на постари лица што ги финансира австралиската влада, како што се пакети за нега во домот. Ако ги исполнувате условите, може да изберете да добивате услуги за нега за постари лица од нив или од друг одобрен давател на такви услуги.

## Услови што треба да се исполнуваат

Може да ги исполнувате условите да добивате нега во старечки дом:

- ако сте постаро лице што веќе не може самостојно да живее во својот дом
- помладо лице со онеспособеност, со деменција или со други посебни потреби од нега што не се задоволени преку други специјализирани служби.

## Каква нега и услуги може да се добијат

Негата и услугите што мора да ви бидат пружени, ако ви се потребни, вклучуваат:

- Услуги за сместување, како што е мебел, одржување на зградите и околното земјиште, оброци, основни тоалетни потреби и активности за дружење во домот.
- Помош околу личната нега, на пример, при капење, јадење, помош со земањето на лековите и со спроведувањето на здравствените третмани.
- Нега и услуги во согласност со вашите потреби од нега, вклучувајќи:
  - специјални креветски материјали
  - помагала за подвижност, како што се рамки за одење и инвалидски колички (тука не спаѓаат моторизираните инвалидски колички и помагалата што се прават по мерка)
  - помагала во случај на неспособност да се контролира одењето по мала или по голема нужда
  - услуги од болничари или медицински сестри
  - раководење со лековите што се земаат
  - терапевтски услуги, на пример, терапија за говор, подијатар (нега на стапалата) и физикална терапија.

Овој список не е целосен. Треба да разговарате за вашите потреби и желби со старечкиот дом што го претпочитате.

Некои старечки домови имаат статус на домови со дополнителни услуги, што значи дека нудат места со повисок стандард на сместувањето, поголем избор на понудените јадења, и услуги што не спаѓаат во нега, на пример, снабдување со дневни весници, со доплата.

# Јавете се во My Aged Care за да бидете оценети

Ако до сега не сте оценети за потребите од нега во старечки дом, вклучувајќи и одмена од негата во старечки дом, вие (или вашиот назначен претставник) треба да се јавите во My Aged Care на **1800 200 422**. Персоналот на My Aged Care ќе ви постави прашања во врска со вашите тековни потреби и околности за да може да ве упатат на оценување.

Ако вашите потреби од нега покажат дека можеби ги исполнувате условите за нега во старечки дом, ќе бидете упатени на бесплатно оценување од страна на член на вашиот локален Тим за оценување на потребите од нега за постари лица (ACAT) (или, во Викторија, на Службата за оценување на потребите од нега за постари лица - Aged Care Assessment Service - ACAS).

Членот на вашиот локален тим ACAT (обично медицинска сестра, социјален работник или друг здравствен работник) ќе договорат време за да дојдат кај вас дома и да поразговараат со вас за вашата тековна ситуација и за да ве оценат за добивање на услуги за нега на постари лица што ги финансира државата.

Може да ве загрижува тоа што ќе ве оценува некој што не го познавате, како и значењето што оценувањето може да го има за вас. Оценувачот е обучен да разговара со луѓе во вашата ситуација и ќе разбере како се чувствувате. Кажете му искрено каква е вашата ситуација и што ве загрижува вас или вашето семејство.

Ви препорачуваме во текот на вашето оценување да имате покрај себе друго лице, на пример, пријател, член на семејството или негувател.

Ако сте загрижени поради вашето оценување, обидете се да разговарате за тоа најпрво со вашиот оценувач или со раководителот на тимот ACAT. Ако не ги знаете поединостите на организацијата ACAT, контактниот центар на My Aged Care може да ви ги даде тие информации.

Ако не можете да ги решите вашите проблеми така што прво ќе се обратите до вашиот тим ACAT, замолете ги да ви ги дадат контактните поединости на управникот на државниот оддел во вашата држава или територија.



## Резултатот од вашето оценување

По вашето оценување, оценувачот ќе донесе службена одлука во врска со вашите потреби од нега. Ако биде оценето дека ги исполнувате условите за влегување во старечки дом, ќе добиете писмо со одобрение и план за поддршка од вашиот тим ACAT, во кој ќе биде утврдено каква нега ви е одобрено да добивате. Планот за поддршка ќе вклучува единствен број за упатување што треба да му го дадете на давателот на услуги што ќе го одберете ако решите и кога ќе решите да одите во старечки дом. Одлуките во врска со одењето во старечки дом мора да бидат донесени со ваша согласност.

Ако не ви биде одобрен влез во старечки дом, ќе добиете писмо во кое ќе биде наведено зошто и кај кого да се јавите за повеќе помош. Можеби ги исполнувате условите да добивате друг вид на нега и услуги и, ако ги исполнувате, таа информација ќе биде вклучена во вашето писмо.

Ако вашите потреби од нега се изменат во кое и да било време, може да побарате ново оценување ако се јавите во My Aged Care.

Ако не добиете писмо за одобрување во кое ќе бидат објаснети одлуките од вашето оценување, прво треба да се јавите во вашиот тим ACAT или да телефонирате во My Aged Care и да побарате примерок од писмото.

## *Ако нешто во врска со резултатот од вашето оценување ве загрижува*

Писмото што ќе го добиете од тимот ACAT ќе содржи натамошни информации за тоа како може да поднесете поплака или да ја обжалите одлуката.

Ако не се согласувате со резултатот од оценувањето во вашето писмо, или ако сакате да разговарате за нешто што ве загрижува во врска со одлуката, прво треба да се јавите во вашиот тим ACAT.

Откако ќе разговарате со вашиот оценувач, ако уште не се согласувате со резултатот од вашето оценување, може да побарате одлуката да биде повторно разгледана ако му пишете на секретарот на Одделот за здравство и ќе наведете зошто мислите дека одлуката треба да биде изменета.

Треба да пишете на следната адреса:

The Secretary
Department of Health
Attn: Aged Care Assessment Program
GPO Box 9848
Sydney NSW 2001

На секретарот мора да му пишете во рок од 28 дена откако сте го добиле вашето писмо. Не се наплаќа ништо за барањето за повторно разгледување на резултатот од оценувањето. Ако не сте задоволни со резултатот од повторното разгледување, може да се обратите до Судот за административни жалби (Administrative Appeals Tribunal). За тоа се наплаќа. Дознајте повеќе на нивното место на интернет наwww.aat.gov.au или јавете се на **1800 228 333**.

# Одмена од негата во старечки дом (краток престој во старечки дом)

Ако вашите домашни негуватели поради некоја причина не се во состојба да ве негуваат, или ако сакате одмор од негата за себе, можеби може да добиете краток престој во старечки дом. Тоа се нарекува „одмена од негата во старечки дом" и може да се побара планирано или во итен случај.

## *Каква нега се нуди*

Старечките домови може да нудат низа разновидни услуги за нега и други услуги, во зависност од вашите потреби. Тие треба да бидат исти како оние што би ги добиле кога би се преселиле трајно во старечкиот дом.

Може да добивате одмена од негата во старечки дом најмногу до 63 дена во текот на секоја финансиска година. Вие или вашиот давател на услуги може да побарате тоа време да се зголеми за периоди од по 21 ден така што ќе се јавите во вашиот локален тим ACAT.

## *Пристап до одмената од нега во старечки дом*

За да добиете одмена од негата во старечки дом ќе ви треба оценување од тимот ACAT. Расположивоста на услугите се разликува од еден до друг регион, а оценувањето ќе ги утврди вашите потреби во согласност со тоа што е расположиво во вашето подрачје.

Ако ви треба одмена од негата во итен случај, телефонирајте во вашиот локален Сојузен центар за одмена од негата и поврзување за нега (Commonwealth Respite and Carelink Centre) на **1800 052 222** во текот на работното време, или на **1800 059 059** после работното време.

Погледнете ги исто така и **трошоците за одмена од негата во старечки дом** на страница 16.

# Како да стигнете до нега во старечки дом

Откако сте биле оценети и сте добиле писмо во кое се вели дека ви е одобрен влез во старечки дом, следете ги чекорите за влегување во старечки дом и раководете со вашите услуги:

1. Пресметајте ги трошоците
2. Најдете старечки дом
3. Поднесете барање до некој старечки дом и прифатете ја понудата
4. Склучете договори со вашиот старечки дом
5. Раководете со вашата нега и услуги

## *Помош за пристап до услуги за нега за постари лица*

Ако ви треба дополнителна помош, застапник може да ве поддржи да добиете пристап до услугите за нега за постари лица што ги финансира австралиската влада. Службите за застапување може да ви дадат информации за вашите права и обврски кога пристапувате до услуги за нега за постари лица.

Услугите за застапување се бесплатни, доверливи и независни. Јавете се на Националната телефонска линија за застапување во врска со негата за постари луѓе (National Aged Care Advocacy Line) на **1800 700 600**.



# 1. Пресметајте ги трошоците

Австралиската влада ги субвенционира старечките домови за да бидат нивните цени разумни и достапни. Субвенциите засновани врз вашите потреби за нега се исплаќаат директно на старечкиот дом.

Во просек, австралиската влада придонесува околу $65.000 годишно за секој постојан жител на старечките домови. Тој износ се зголемува секоја година.

Ако ги исполнувате условите, од вас се очекува да придонесувате кон цената за вашето сместување и нега ако можете да си го дозволите тоа.

Службата My Aged Care може да ви направи приближна проценка на износите што веројатно ќе треба да ги плаќате вие. За да добиете приближна проценка, може да се јавите на **1800 200 422** или да го употребите Проценителот за трошоци (Fee Estimator) за старечки домови на местото на интернет на: www.myagedcare.gov.au/fee-estimator/residential-care/form

## *Трошоци што може ќе треба да ги платите*

Има разни трошоци што може да побараат од вас да ги платите, вклучувајќи:

- **основна дневна цена**
  Таа ги покрива дневните животни трошоци, како што се храна, струја и перење. Од секого може да биде побарано да ја плати оваа цена, а за некои луѓе тоа е единствената цена што треба да ја платат.

  Одделот за ветерански работи (DVA) ќе ја плаќа основната дневна цена за поранешните воени заробеници (Prisoners Of War - POW) и за носителите на Victoria Cross (VC) што ги исполнуваат условите.
- **цена заснована врз проверка на имотната состојба**
  Ако вашиот приход и имот надминуваат одреден износ, од вас може да биде побарано да придонесувате кон трошоците за вашата нега. Одделот за општествени служби (Department of Human Services - DHS) ќе ве извести дали треба да ја плаќате оваа цена, а износот ќе биде заснован врз оценувањето на вашиот приход и имот.

  Поранешните POW и VC се изземени од плаќање на цената заснована врз проверка на имотната состојба.

- **трошоци за сместување**
  Тоа се трошоците за вашето сместување во домот. На некои луѓе австралиската влада целосно или делумно ќе им ги плаќа трошоците за сместување, додека други ќе треба да ја плаќаат цената за сместување што е договорена со старечкиот дом. Одделот DHS ќе ве извести што е тоа што важи за вас врз основа на оценувањето на вашиот приход и имот.
- **трошоци за вонредни и дополнителни услуги**
  Може ќе треба да доплатите ако одберете сместување со повисок стандард или дополнителни услуги што ги надминуваат вашите оценети потреби од нега или од негата и услугите што вашиот старечки дом е должен да ви ги обезбеди.

  Персоналот ќе ги оцени вашите потреби од нега во рок од четири недели откако ќе се преселите во старечкиот дом, со помош на метод за оценување што се вика Инструмент за финансирање на негата за постари лица (Aged Care Funding Instrument - ACFI). Разговарајте со вашиот старечки дом за тоа како ги класифицирале вашите потреби од нега со помош на методот ACFI. Тоа ќе ви помогне да сфатите за која нега и за кои услуги вашиот старечки дом може да ви наплати, а за кои не може да ви наплати. Ако имате помали потреби од нега, може ќе треба да доплаќате за некои услуги. Ако имате големи потреби од нега, вашиот старечки дом не може да бара од вас да плаќате за одредени услуги.

  Цените се разликуваат од еден до друг старечки дом, па затоа подробностите за тие услуги и за нивните цени ги проверете со вашиот старечки дом.

Цените се плаќаат за секој ден од вашиот престој во старечкиот дом. Тие се пресметуваат на дневна основа, ама обично се плаќаат еднаш на две недели или еднаш месечно.

## *Договорете оценување на вашата финансиска состојба*

Ќе би треба оценување на приходот и имотот за да се пресмета дали имате право да добивате државна помош околу трошоците за вашето сместување и дали треба да плаќате цена за негата базирана врз проверка на финансиската состојба. Од резултатот од оценувањето на вашиот приход и имот ќе зависи висината на износот што ќе го плаќате.

**Треба да договорите службено оценување на приходот и имотот колку што е можно поскоро, зашто за спроведување на таа постапка е потребно извесно време.**

Оценувањата ги врши Одделот за општествени служби, освен за припадниците на заедницата на воените ветерани што ги исполнуваат условите и чие оценување може да го изврши Одделот за ветерански работи.

За да поднесете барање за оценување на приходот и имотот, треба да го пополните формуларот *Барање за оценување на комбинираниот имот и приход заради трајно сместување во старечки дом* (SA457).

Тој формулар може да го добиете од Одделот за општествени служби ако телефонирате на **1800 227 475** и побарате да ви испратат примерок од формуларот, или ако го симнете формуларот од местото на интернет на Одделот наwww.humanservices.gov.au/individuals/forms/sa457

Ако не ви биде извршено оценување на приходот и имотот, ќе немате право да добивате финансиска помош од државата за трошоците за вашето сместување и нега. Во тој случај старечкиот дом може од вас да побара да ја плаќате највисоката цена заснована врз проверка на финансиската состојба, како и цена за сместувањето (најмногу до износот на нивната највисока објавена цена за собите).

Ќе бидат потребни најмалку две недели од датумот кога ќе го поднесете формуларот за оценување на приходот и имотот за да добиете информација за цената што ќе ја плаќате. Откако ќе измине тој период, треба да ја проверите состојбата на вашето оценување така што ќе се јавите во Одделот за општествени служби на **1800 227 475** или во Одделот за ветерански работи на **1800 555 254**.

## Писмо со известување за цената

Ако добиете оценување на финансиската состојба пред да се преселите во старечки дом, ќе добиете писмо со известување за највисокиот износ што може да ви биде побарано да го плаќате. Тоа известување ќе биде важечко 120 дена – освен ако настапи значителна промена во вашите околности. Ако има промена во вашите околности, ќе треба да го известите Одделот DHS или Одделот DVA, а тие ќе ви пратат ново писмо со известување за цените.

Тоа писмо треба да го носите на сите разговори што ќе ги имате со можните старечки домови за да ви помогне да ги разберете трошоците поврзани со живеењето во тие старечки домови.

Штом ќе се вселите во старечкиот дом, Одделот DHS ќе ви прати на вас и на вашиот старечки дом писмо во кое ќе бидат наведени највисоките цени што од вас може да биде побарано да ги платите:

- основната дневна цена, и
- цената за негата заснована врз вашата финансиска состојба, ако има таква, или
- придонесот кон цената на сместувањето, ако има таков.

Одделот DHS ќе ви праќа на вас и на вашиот старечки дом писмо секогаш кога ќе има значителни промени во вашата цена за негата или во придонесот за сместување базирани врз проверка на финансиската состојба.

## *Цена на сместувањето*

Износот што од вас ќе побараат да го платите за вашето сместување ќе биде еден од следните:

- Нема да плаќате за сместувањето: ако вашиот приход и имот се под одреден износ, австралиската влада ќе ја плаќа вашата цена за сместувањето.
- Ќе плаќате „придонес за сместување": ако треба делумно да плаќате за вашето сместување, австралиската влада ќе го плаќа остатокот.
- Ќе плаќате „цена за сместувањето": ако треба да го плаќате целиот трошок за вашето сместување, ќе треба да преговарате за цената на собата со вашиот давател на услугата.

Одделот DHS ќе ве извести кое од горенаведените се однесува на вас. Без оглед на тоа дали ќе треба да плаќате за вашето сместување или не, секој што влегува во старечки дом треба да направи писмен договор за цената на собата со својот старечки дом (најмногу до највисоката цена за соба објавена од My Aged Care). Цената за собата што ќе ја прифатите мора да биде вклучена во договорот за сместување што ќе ви биде даден пред да се вселите.

Ако од вас се бара да плаќате придонес за сместувањето или да ја плаќате целата цена за сместувањето, имате рок од 28 дена откако ќе се вселите во домот да одлучите за начинот на кој ќе плаќате. Може да изберете цената за вашето сместување да ја плаќате на еден од следните начини:

- еднократен износ како „повратен депозит за сместување" (refundable accommodation deposit - RAD) или „повратен придонес за сместување" (refundable accommodation contribution - RAC)
- плаќање во вид на кирија, што се нарекува „дневно плаќање за сместување" (daily accommodation payment - DAP) или „дневен придонес за сместување" (daily accommodation contribution - DAC)
- плаќање што е комбинација од еднократно платен износ и од плаќање во вид на кирија (RAD и DAP или RAC и DAC).

Вашите трошоци за сместувањето мора да ги плаќате во вид на кирија додека да одлучите како сакате да плаќате за вашето сместување.

Ако од вас било побарано да плаќате придонес за сместувањето, Одделот DHS ќе ве извести кој е највисокиот износ што може да побараат од вас да го плаќате.

Сите старечки домови што наплаќаат цена за сместување се должни да ги објават нивните цени за сместувањето на местото на интернет на My Aged Care, во наоѓачот на услуги (service-finder) за згрижување во старечки дом: www.myagedcare.gov.au/service-finder/aged-care-homes

## Дали треба да ја платам највисоката цена за собата објавена преку My Aged Care?

Објавената цена за собата е највисоката цена што старечкиот дом може да побара од вас да ја плаќате, меѓутоа, можеби можете да преговарате за пониска цена директно со старечкиот дом.

## *Цена за одмена од негата во старечки дом*

Ако добивате одмена од негата во старечки дом, не треба да плаќате никакви цени за сместувањето ниту пак цени за негата базирани врз проверката на имотната состојба.

Може да очекувате дека ќе ја плаќате основната дневна цена и можеби наплата за резервирање.

Одделот DVA можеби ќе ја плати основната дневна цена за ветераните и воените вдовици/вдовци што ги исполнуваат условите. Стапете во контакт со Службата за домашна нега на ветерани (Veterans' Home Care) заради оценување, јавете се на **1300 550 450**.

Наплатата за резервирање е плаќање однапред на цената за одмена од негата во старечки дом, а не е дополнително плаќање. Наплатата за резервирање не може да изнесува повеќе од основната дневна цена за една цела недела, или од 25% од цената за целиот престој во старечкиот дом, во зависност од тоа кој износ е понизок.

Од вас исто така може да побараат да платите за вонредна или дополнителна нега и услуги.

## *Помош во случај на финансиски тешкотии*

Може да добиете помош ако, поради причини што се надвор од вашата контрола, ви е тешко да ги плаќате вашите трошоци за нега и сместување. Помошта при финансиски тешкотии може да се добие за да ви помогне околу тие трошоци. Во зависност од вашата лична ситуација, може да поднесете барање за финансиска помош околу плаќањето на вашата основна дневна цена, на цената за нега заснована врз проверка на финансиската состојба и/или на цената за сместувањето.

Повеќе информации за помошта во случај на финансиски тешкотии може да се најдат на местото на интернет на My Aged Care, вклучувајќи го и тоа како може да поднесете барање за таа помош, или пак може да телефонирате во My Aged Care на **1800 200 422**.





## Финансиски информации и подучување

Основни информации за тоа како да раководите со вашите финансиски средства може да добиете од Службата за финансиски информации на Одделот DHS. Оваа бесплатна и доверлива услуга може да ви помогне да донесете информирани одлуки во врска со вложувањето на парите и со финансиските работи за вашите тековни и идни потреби. За повеќе информации за Службата за финансиски информации, јавете се во Одделот DHS на **132 300** и речете 'financial information service' кога од вас ќе го побараат тоа.

# 2. Најдете старечки дом

Кога одлучувате за старечкиот дом, важно е да дознаете дали домот може да ги понуди негата и услугите што ви се потребни, сега и во иднина. Најдобриот начин да најдете место што ви одговара е да посетите неколку разни старечки домови и да проверите:

- какво е сместувањето
- какви видови на нега, услуги и активности се нудат
- како можат најдобро да ги задоволат вашите конкретни потреби
- каква цена можеби ќе треба да плаќате за негата и услугите
- цените на сместувањето
- сите дополнителни услуги што ги нудат.

Најдете ги давателите на услуги во вашето подрачје со помош на вашиот оценувач, или со помош на наоѓачот на услуги за нега во старечки дом: www.myagedcare.gov.au/service-finder/aged-care-homes или јавете се во My Aged Care на **1800 200 422**. Потоа може да им се јавите за да договорите време за да ги посетите.

## *Сретнете се со давателите на услуги*

Пред да посетите кој и да било старечки дом, добра идеја е да направите список на работите што ви се важни на вас. Може ќе сакате да го понесете:

- писмото и бројот за упатување од оценувачот од тимот ACAT, бидејќи некои домови сакаат да знаат дека ви било одобрено да добивате нега во старечки дом и кои услуги ви се потребни
- писмо од Одделот DHS со известување за цената, ако веќе го имате резултатот од оценувањето на вашата финансиска ситуација.

Кога ќе ги посетувате поединечните старечки домови, може исто така ќе сакате да правите белешки за тоа што ви се допаѓа, што не ви се допаѓа и дали се чувствувате пријатно таму. Вашите впечатоци за персоналот и за околината ќе ви помогнат да донесете одлука за тоа кој дом е најдобар за вас.

Употребете го списокот за проверка на задната страница на оваа книшка за да ви помогне да ги најдете и истражите давателите на услуги што најдобро им одговараат на вашите потреби.

## Прашања што може да им ги поставите на давателите на услугите:

- Кој тип на услуги за нега се нудат, а кои не се нудат? За кои услуги ќе треба да плаќам?
- Може ли да ми помагате околу моите медицински потреби, на пример, да ми помагате при земањето лекови или да ми ги негувате раните?
- Можете ли да ги задоволите моите конкретни потреби? Тие може да вклучуваат јазични и културни потреби, верски убедувања, сексуалност или полов идентитет, животни миленици и пристап до медицински посети.
- Како е организирана исхраната? Тоа вклучува каде се послужува, во кое време, какви видови на јадења се нудат, посетители, оброци во вашата соба и посебни начини на исхрана.
- Како ќе се осигури вашата приватност?
- Како се одлучува за активностите за дружење и за културните активности? Како се земаат предвид моите интереси?
- До каков вид на превоз имам пристап за одење во продавници, кај роднини и пријатели или на лекарски прегледи? Колку ќе ме чини тоа?
- Каква обука имаат членовите на персоналот? Дали ќе имам пристап до квалификувани медицински сестри ако и кога ќе ми требаат?
- Колку членови на персоналот обезбедуваат нега во текот на ноќта?
- Како можат мојот партнер, моето семејство и моите пријатели да се вклучат во мојата нега? Може ли да останат да преспијат, ако е потребно? Што ако сакам да останам со членовите на семејството во текот на ноќта?
- Може ли да организирате лекарски прегледи и пристап до здравствени услуги? Може ли да продолжам да одам кај мојот сегашен општ лекар и кај другите здравствени работници?
- Какви проверки се прават за да се осигураат квалитетни услуги?
- Како помина домот при инспекцијата за акредитација?
- Што правите за да го подобрите квалитетот на негата и на услугите?
- Во кои подрачја работите на подобрување и какви резултати сте постигнале?
- Како ги вклучувате постарите луѓе, нивните семејства и негуватели во одлуките што се однесуваат на подобрувањето на квалитетот?
- Дали некогаш може да биде побарано од мене да го напуштам старечкиот дом или да се преселам во друга соба?

# 3. Поднесете барање до некој старечки дом и прифатете ја понудата

Кога ќе најдете старечки домови што одговараат на вашите потреби, може да почнете да поднесувате барања за сместување. Може да поднесете барање до толку старечки домови колку што сакате. Добра идеја е да поднесете барање до поголем број домови бидејќи оној дом што го претпочитате може да нема слободни места кога вие ќе побарате. Кога ќе се ослободи место, старечкиот дом ќе ви се јави вам или на лицето за контакт што вие сте го назначиле.

## *Пополнете го формуларот за барање*

Секој старечки дом има сопствена постапка за поднесување барање и може од вас да побара да пополните формулар. Разговарајте со старечките домови што ве интересираат и дознајте каква е нивната постапка и кои информации им се потребни.

Ќе треба да го дадете единствениот број за упатување што го добивте од вашиот тим ACAT на старечкиот дом што ќе го изберете. Тоа ќе им овозможи да го видат вашиот клиентски картон и да ги разгледаат вашите потреби од нега за да ви помогнат да влезете во старечки дом.

## *Прифатете ја понудата*

Кога ќе се ослободи место, старечкиот дом ќе ви се јави вам или на лицето за контакт што вие сте го назначиле. Штом ќе прифатите некоја понуда за место во старечки дом, старечкиот дом ќе ви даде службени договори што опфаќаат работи како што се услугите, цената за сместувањето, и вашите права и обврски.

> Искористете го списокот за проверка на задната страница на оваа книшка за да се подготвите за вашата преселба. Тука спаѓа организирањето на вашите здравствени и финансиски работи, и кого ќе треба да известите за вашата преселба.



# 4. Склучете договори со вашиот старечки дом

Откако ќе го прифатите местото, а пред да се преселите во домот, вашиот старечки дом мора да ви понуди**станарски договор**.

Исто така ќе ви понудат и **договор за сместување**во домот пред да се вселите. Тој договор може да биде вклучен како составен дел од вашиот станарски договор, или пак може да биде посебен договор.

Станарскиот договор и договорот за сместување се правно обврзувачки документи меѓу вас и вашиот старечки дом. Со нив се  утврдува:

- расположивата нега и услуги
- која цена ќе треба да ја плаќате
- како може да плаќате
- кои се вашите права и обврски.

Важно е да разберете сè од тие договори пред да ги потпишете. Ако имате какви и да било прашања, треба да го прашате за тоа вашиот нов старечки дом. Нивна обврска е да осигураат дека договорите што ви ги нудат се јасни.

Понудените договори може да не ги вклучуваат сите работи што вие мислите дека се важни, па затоа е добра идеја да проверите пред да потпишете. Исто така може да побарате:

- дополнителни информации од вашиот давател на услугата, на пример, какви се правилата за исхраната и посетите во домот, и други подробности поврзани со живеењето во домот
- од вашето семејство, пријатели, негувател, финансиски советник или правник да ви помогне да ги разберете условите од вашите договори
- да добиете помош од адвокат. Јавете се на Националната телефонска линија за застапување во врска со негата за постари луѓе (National Aged Care Advocacy Line) на **1800 700 600**.

Искористете го списокот за проверка на задната страница на оваа книшка за да ви помогне да преговарате за вашите договори со давателот на услуги што го претпочитате.

## *Помош при преговарањето за цената на вашата нега и сместување*

Може да замолите некого од ваше име да преговара за цените на вашата нега и сместување со давателот на услуги за нега на постари лица.

Вие или лицето што ви помага треба да разговарате и официјално да се договорите за сите цени за сместувањето и негата со вашиот старечки дом пред да се вселите во него.

## *Потпишување на договорите*

Немате временски рок или обврска да го потпишете станарскиот договор или договорот за сместување. Меѓутоа, во ваш најдобар интерес е колку што е можно побрзо да се согласите со договорот што ги опфаќа вашите права и обврски.

Ако одберете да не ги потпишете тие договори, и покрај тоа старечкиот дом треба да разговара со вас за вашите потреби. Тој разговор е усен договор за видот на негата и услугите што ќе ги добивате и за цените што ќе ги плаќате. Сепак ќе треба да ги плаќате вашите дневни цени и сите соодветни цени за сместувањето кога ќе се вселите во домот.

Имате рок од 28 дена откако ќе се вселите во старечкиот дом за да одлучите како сакате да ги плаќате вашите цени за сместувањето и да склучите договор за сместување. Додека да ја донесете таа одлука, за вашето сместување мора да плаќате во вид на кирија.

## *Права и обврски*

За да се осигури дека ја добивате најдобрата нега, вие и вашиот давател на услуги имате обврски според Повелбата за правата и обврските на примателот на нега – Нега во старечки дом (Charter of Care Recipients' Rights and Responsibilities – Residential Care).

Повелбата ќе биде истакната во вашиот старечки дом, или пак може да побарате од вашиот дом да ви дадат примерок кога ќе ви го понудат станарскиот договор.

# 5. Раководете со вашата нега и услуги

## *Одење на лекар, на заболекар или кај специјалист*

Може да ги задржите вашиот лекар, заболекар или специјалист. Вашиот старечки дом мора да ви помогне да закажувате прегледи и да отидете кај лекарот или специјалистот што сами сте го избрале, ако е тоа потребно. Не треба да му плаќате на старечкиот дом за тоа што ќе ги организира тие прегледи. Меѓутоа, обично ќе треба да го платите трошокот за прегледот.

Вашиот старечки дом исто така може да ви помогне да организирате превоз до и од вашите лекарски прегледи. Може ќе треба да платите за превозот и за членот на персоналот што ќе ве придружува.

## *Активности за дружење*

Вашиот старечки дом ќе организира активности за дружење и други активности. Кажете им какво хоби имате и кои се вашите интереси за да можат да ви помогнат да продолжите со нив додека сте во домот. Тие можеби исто така ќе можат да ви предложат да пробате и други работи.

## Посетители од заедницата

Ако се чувствувате осамено и немате редовен контакт со семејството или пријателите, Програмата за посетители од заедницата (Community Visitors Scheme - CVS) може да овозможи контакти за дружење.

Ако сакате да имате посетител од заедницата, може да го известите за тоа вашиот старечки дом. Вашето семејство и пријателите исто така може да го известат домот ако мислат дека ќе ви користи Програмата CVS. Вашиот старечки дом исто така може и директно да се обрати до Програмата CVS.

Посетете го местото на интернет на Одделот за здравство (www.health.gov.au) и таму побарајте го "CVS Network Members" или контактните податоци во вашата држава или територија, или телефонирајте во My Aged Care на **1800 200 422**. Исто така постои и Програма CVS што се грижи за потребите на постарите луѓе од LGBTI заедницата.

## *Отсуствување од старечкиот дом*

### Може ли да одам на одмор?

Ако сакате да одите на одмор или да го посетите семејството или пријателите, може да искористите најмногу до 52 ноќи отсуство од вашиот старечки дом за дружење во текот на една финансиска година. Сепак ќе треба да ги платите вашите вообичаени цени за негата и за сместувањето.

Ако престојувате надвор од домот повеќе од 52 ноќи во текот на една финансиска година, австралиската влада ќе престане да ви ги плаќа субвенциите, а вашиот старечки дом може да побара од вас вие да го надоместите износот.

### Што ако треба да одам во болница?

Ако треба да одите во болница, времето во кое ќе бидете отсутни не се смета во вашето отсуствување за дружење, ама сепак ќе треба да ги плаќате вашите вообичаени цени за негата и сместувањето.

## *Менување на собата*

Ако сте задоволни од вашиот старечки дом, ама сакате да ја смените собата, може да го побарате тоа од управникот на вашиот старечки дом. Тој/Таа мора да го разгледа вашето барање, дури и ако е невозможно веднаш да ви биде понудена друга соба.

Можеби ќе треба да преговарате за нов договор за сместување и за нова цена за сместувањето ако ја смените собата, на пример, ако одберете да се преселите од соба што ја делите со друго лице во соба за самци. Од вас исто така може да побараат да платите за вонредни или дополнителни услуги поврзани со вашата нова соба.

### Дали старечкиот дом може да ме принуди да ја сменам собата?

Во некои околности би можело да ве преселат во друга соба без вие да сте го побарале тоа. Ако ве загрижува нешто во врска со барањето да ја смените собата, или со начиот на кој ве преселиле, разговарајте со управникот на вашиот старечки дом.

## *Како да го изнесете тоа што ве загрижува*

Ако сте незадоволни од негата или од услугите што ги добивате, имате право да ја изнесете вашата загриженост:

- Честопати е најдобро прво да поразговарате со давателот на услугите за вашата поплака за да видите дали тие може да ви помогнат, бидејќи може да се работи за нешто што лесно ќе може да се реши.
- Ако сакате, може покрај себе да имате член на семејството, пријател, негувател или застапник во врска со негата за постари лица кога ќе се сретнете со вашиот давател на услуги за постари лица.

Ако давателот на услугите не може да ја реши поплаката, или ако не се чувствувате пријатно да ја изнесете вашата загриженост пред нив, вашата загриженост може да ја изнесете пред Началникот за поплаки во врска со негата за постари лица (Aged Care Complaints Commissioner).

Услугата на таа служба е бесплатна, а во контакт со нив може да стапите:

- По телефон – **1800 550 552**
- Преку интернет – www.agedcarecomplaints.gov.au
- Писмено – адресирајте ја вашата писмена поплака до:

  Aged Care Complaints Commissioner
  GPO Box 9848
  (Вашиот главен град и држава/територија)



# Натамошна помош

## *Преведувачки услуги*

Ако зборувате јазик што не е англиски, може да се јавите во Преведувачката служба (Translating and Interpreting Service - TIS National) по цена на локален телефонски повик на **131 450**. TIS National покрива повеќе од 100 јазици. Телефонирајте и побарајте ја службата My Aged Care на **1800 200 422**.

## *Помош за луѓе што имаат тешкотии со слухот или со говорот*

Јавете се во My Aged Care преку Националната служба за поврзување за лица со оштетен, намален или изгубен слух (National Relay Service - NRS). За повеќе информации, посетете го местото на интернет на NRS (www.relayservice.gov.au) за да го изберете начинот на пристап што го претпочитате, или телефонирајте на линијата за помош NRS Helpdesk на **1800 555 660**.

## *Помош за луѓе со различни потреби*

Има програми, информации и поддршка за постарите Австралијци од сите потекла, вклучувајќи ги:

- Абориџините и луѓето од островите во Торесовиот Теснец
- луѓето со различно културно или јазично потекло
- луѓето што живеат во селски или зафрлени подрачја
- луѓето што се наоѓаат во неповолна финансиска или општествена положба
- ветераните, лицата зависни од нив и нивните вдовици или вдовци
- луѓето што се бездомни или се наоѓаат во опасност да станат бездомни
- луѓето што се лезбејки, хомосексуалци, бисексуалци, транссексуалци или интерсексуалци
- луѓето што го напуштаат системот на старателство (Care Leavers) – тоа се возрасни лица што како деца минале некое време во некаква институција или привремено старателство.
- родителите раздвоени од своите деца со принудно посвојување или одземање.

Ако вашиот давател на услуги ги знае вашите индивидуални потреби, тоа ќе му помогне да ви пружи соодветна нега и поддршка што ќе ја почитуваат вашата културна различност.

## *Помош за негуватели*

Ако на вашиот негувател му е потребна дополнителна поддршка, јавете се во службата за негуватели Carer Gateway на **1800 422 737** или појдете на www.carergateway.gov.au за да дознаете повеќе за услугите за поддршка на негувателите.

## Повеќе информации

Посетете го местото на итнернет на My Aged Care website (www.myagedcare.gov.au) за поподробни информации, вклучувајќи и дополнителни информации за цените.

## Цени за телефонирање

**Броеви што почнуваат на 13/1300** – Се наплаќаат различни тарифи за повиците од фиксни и мобилни телефони до телефонските броеви што почнуваат на 13/1300. Повиците до телефонски броеви што почнуваат на 13/1300 од фиксен телефон се наплаќаат по цени слични на цените на локалниот повик. Повиците од мобилни телефони може да бидат наплатени поскапо.

**Броеви што почнуваат на 1800** – Повиците од фиксни телефони до телефонски броеви што почнуваат на 1800 се бесплатни, а повеќето австралиски компании што нудат услуги за мобилна телефонија сега нудат бесплатно јавување до броевите што почнуваат на 1800 – проверете го тоа во компанијата што ве снабдува со мобилни телефонски услуги.



# Список за проверка – Пресметајте ги трошоците и најдете старечки дом

Искористете го овој список за проверка за да ви помогне да утврдите колку можеби ќе треба да платите за цената на вашата нега и сместување и за да најдете давател на услуги што ги задоволува вашите потреби.

### Откако ќе биде извршено оценување

- ќе добиете писмо со одобрување и план за поддршка од вашиот тим ACAT.

### Приближна проценка на трошоците

- направете приближна проценка на трошоците користејќи го проценителот на трошоци (fee estimator) за старечки домови на местото на интернет на My Aged Care: www.myagedcare.gov.au/fee-estimator/residential-care/form

### Договорете навремено оценување на вашата финансиска состојба

- јавете се во Одделот DHS на **1800 227 475** и побарајте да ви испратат формулар за оценување на приходот и имотот, или симнете го формуларот од местото на интернет на Одделот DHS: www.humanservices.gov.au/individuals/forms/sa457
- поднесете го формуларот за оценување на приходот и имотот до Одделот DHS или до Одделот DVA
- известете го Одделот DHS или DVA ако настане промена во вашата финансиска ситуација и тие ќе ви пратат ново писмо со известување за цената што треба да ја плаќате
- може да назначите некое лице да дејствува во ваше име во Одделот DHS во врска со цените на негата и сместувањето: пополнете формулар Назначување на лице за застапување (Appointment of a Nominee) од вашиот старечки дом или од местото на интернет на Одделот DHS, или телефонирајте на **1800 227 475** и побарајте да ви го пратат формуларот.

### Сведете го списокот на старечки домови што ве интересираат на неколку старечки домови

- употребете ја алатката „service finder" на местото на интернет на My Aged Care или телефонирајте во My Aged Care на **1800 200 422** за да ги најдете старечките домови во вашето подрачје. Страницата со цените може да ви даде идеја за цените за сместување.

### Јавете се/отидете во старечките домови што ги претпочитате за да поразговарате за тоа што го нудат тие и за нивните цени

- понесете го со себе вашето писмо со одобрување од тимот ACAT
- понесете го со себе вашето писмо со известување за цените од Одделот DHS

  **Напомена:** Ако веќе не сте договориле оценување на приходот и имотот, јавете се во Одделот DHS на **1800 227 475**
- направете список на тоа што ви е важно вам и на прашањата што треба да ги поставите
- правете белешки за секој старечки дом што ќе го посетите, на пример, што ви се допаѓа/не ви се допаѓа, и впечатоците за персоналот и за околината
- прашајте за трошоците за сместување што треба да се платат
- прашајте за дополнителните услуги што се нудат и која е нивната цена
- поднесете барање за прием во старечките домови што ви се допаѓаат користејќи го формуларот за барање од старечкиот дом.

## Список за проверка – Склучување на договори

Штом ќе го прифатите понуденото место во некој старечки дом, старечкиот дом ќе ви даде станарски договор и договор за сместување . Тие може да бидат комбинирани во еден единствен договор.

Може да замолите некого од ваше име да преговара за цените на негата со давателот на услуги за нега за постари лица. Тоа назначено лица исто така може да го вклучите во вашиот станарски договор .

---

**Цената на собата договорете ја во писмена форма пред да се вселите во старечкиот дом.**

---

**Проверете дали вашиот станарски договор ги содржи:**

- името на вашиот старечки дом
- негата и услугите што ќе ви ги дава домот
- правилниците и постапките што се користат за утврдување на цените и на плаќањето за сместување
- дневната цена што од вас ќе побараат да ја плаќате
- цената на негата заснована врз проверката на имотната состојба, ако тоа важи за вас
- сите дополнителни цени на негата за друга нега или услуги по избор за кои сте се договориле (покрај оние што домот мора да ви ги дава врз основа на вашите потреби од нега)
- правата и обврските на станарите и на старечкиот дом
- како постапува старечкиот дом со поплаките
- сите околности во кои од вас би можеле да побараат да го напуштите домот и како ќе ви помогне старечкиот дом да најдете друго место за живеење
- сите други работи договорени меѓу вас и старечкиот дом.

---

**Проверете дали вашиот договор за сместување ги содржи:**

- цената за сместувањето што сте се договориле да му ја плаќате на домот
- другите услови за вашиот паричен придонес кон цената за сместувањето и, ако тоа важи во вашиот случај, околностите под кои еднократно ќе ви се врати преостанатиот износ од вашата сметка ако си заминете или ако починете
- сите вонредни цени за услуги со повисок стандард на сместување, оброци и услуги што не се поврзани со негата, ако влегувате во дом што нуди и вонредни услуги
- сите дополнителни цени за услугите за други видови на нега или услуги што сте се согласиле да ги плаќате
- специфичното сместување што ќе ви биде обезбедено ако плаќате цена за сместувањето, придонес кон цената, или ако не плаќате ништо од тоа
- сите услуги што ги опфаќа цената што ја плаќате за сместувањето
- под кои услови може да се преселите во друга соба.

---

**Имате рок од 28 дена откако ќе се преселите во старечкиот дом да одлучите како сакате да плаќате за вашето сместување.**

## Список за проверка – Подгответе се за селење

Штом ќе ви биде понудено место во старечки дом, користете го овој список за да проверите кого треба да известите за вашето селење.

### Семејството и пријателите

- вашето семејство и пријателите, негувателот/негувателите и соседите.

### Здравствени работници

- вашиот лекар/општиот лекар
  - > ако треба да ги смените лекарите, замолете ги да ја пратат вашата медицинска историја кај вашиот нов лекар
  - > запишете ги вашите тековни медицински третмани и лекови за да можете да разговарате за тоа со вашиот нов старечки дом во склоп на вашиот план за нега
- други здравствени работници кај кои одите редовно, на пример, специјалисти, заболекари, итн.
- вашата медицинска сестра за заедницата
- вашиот аптекар.

### Помош и поддршка во домот

- вашиот градинар или лицето што ви го коси тревникот
- лицето што ви чисти или ви помага по дома
- службата за испорака на готови јадења Meals on Wheels и другите служби за поддршка
- вашиот давател на услуги од пакетот за нега во домот.

### Државни оддели и агенции

- Оддел за ветерански работи (Department of Veterans' Affairs - DVA) – **1800 555 254**
- Оддел за општествени служби (Department of Human Services - DHS) – **132 300**
- Австралиската даночна служба (Australian Taxation Office) – **132 861**
- Medicare – **132 011**
- вашата локална канцеларија на Австралиската изборна комисија
- вашиот локален орган за патишта и превоз (за вашата возачка дозвола)
- вашата локална пошта
- вашата локална општина.

### Финансии и осигурување

- вашата компанија за здравствено осигурување
- вашата компанија за пензискиот фонд
- вашата банка, градежна задруга или кредитна задруга.

### Друго

- компаниите за комунални услуги како што се телефон, гас, електрична енергија и вода
- другите старечки домови каде што сте поднеле барање, ако веќе не сакате да се преселите во нив (иако може да одберете да го зачувате вашето барање отворено ако сте уште заинтересирани).

# Белешки

За помош посетете го www.myagedcare.gov.au или
телефонирајте на **1800 200 422**.
Сите информации во овој печатен материјал се
точни во и од јуни 2018 г.

12203 Јуни 2018 г.